МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

КОНСТРУКЦИЈА НА ОБЛЕКА

III ГОДИНА

- ИЗБОРНА –
ПРИМЕНЕТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Техничар за дизајн на облека

Скопје, 2007 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: КОНСТРУКЦИЈА НА ОБЛЕКА

1.2. Образовен профил и насока
1.2.1. Образовен профил: техничар за дизајн на облека
1.2.2. Насока: применета ликовна уметност

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Трета

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Изборен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***конструкција на облека*** **–** изборен предмет ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ги применува стандардите за големинските броеви при конструкција на облеката;
- да ги користи главните мерки за пресметување на помошните мерки при конструкција и моделирање на крој на модели по сопствен избор;
- да конструира крој на модел од женска и машка горна облека;
- да ги вклопува кројните делови (шаблоните) во кројна слика;
- да користи програмски пакети за компјутерско конструирање на облеката;
- да развива смисла за креативност;
- да развива вештини за тимска работа.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по предметот ***конструкција на облека*** потребни се знаења од наставните предмети: цртање / цртање и сликање, нацртна геометрија и техничко цртање, компјутерска графика од I година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на ча-сови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. КОНСТРУКЦИЈА И МОДЕЛИРАЊЕ НА ЗДОЛНИШТА	**24**	- Да скицира самостојна креација на здолниште; - да анализира здолниште самостојно; - да ги пресметува потребните мерки; - да моделира здолниште според темелниот крој рачно и компјутерски; - да моделира модни детали; - да изработува кројни делови со модни детали; - да го познава редоследот на операциите при конструкција на крој на здолниште; - да комплетира кројна слика од сите кројни делови; - да анализира кројна слика.	- Скицирање на основен крој на здолниште; - демонстрирање на редоследот на операциите за моделирање на темелниот крој според креацијата (скицата) на здолништето; - давање упатства за пресметување на помошните мерки со помош на главните мерки со примена на формулите.	Изработка на облека Обликување на облека

2. КОНСТРУКЦИЈА И МОДЕЛИРАЊЕ НА ЖЕНСКИ БЛУЗИ	**24**	- Да скицира самостојна креација на женска блуза; - да анализира женска блуза самостојно; - да ги пресметува потребните мерки; - да моделира женска блуза според темелниот крој рачно и компјутерски; - да моделира модни детали; - да изработува кројни делови со модни детали; - да го познава редоследот на операциите при конструкција на крој на женска блуза; - да комплетира кројна слика од сите кројни делови; - да анализира кројна слика.	- Скицирање на основен крој на женска блуза; - демонстрирање на редоследот на операциите за моделирање на темелниот крој според креацијата (скицата) на женска блуза; - давање упатства за пресметување на помошните мерки со помош на главните мерки со примена на формулите.	Изработка на облека Обликување на облека
3. КОНСТРУКЦИЈА И МОДЕЛИРАЊЕ НА МАШКИ КОШУЛИ	**24**	- Да скицира самостојна креација на машка кошула; - да анализира машка кошула самостојно; - да ги пресметува потребните мерки; - да моделира машка кошула според темелниот крој рачно и компјутерски; - да моделира модни детали; - да изработува кројни делови со модни детали; - да го познава редоследот на операциите при конструкција на крој	- Скицирање на основен крој на машка кошула; - демонстрирање на редоследот на операциите за моделирање на темелниот крој според креацијата (скицата) за машка кошула; - давање упатства за пресметување на помошните мерки со помош на главните мерки со примена на формулите.	Изработка на облека Обликување на облека

		на машка кошула; - да комплетира самостојно кројна слика од сите кројни делови; - да анализира самостојно кројна слика.		

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставниот предмет ***конструкција на облека -*** изборен предмет наставникот применува современи интерактивни наставни методи (стратегии) со примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и парови/тандем.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира ликовно-естетски идеи и резултати, дава стручни инструкции и упатства за реализација на задачите, подготвува визуелен материјал, коригира, црта, дава упатства за работа, опишува, анализира, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот активноста на ученикот се состои во следење на наставните содржини и демонстрирано-илустративниот материјал, дискутирање, прибележување, цртање, истражување, набљудување, споредување, изработување индивидуални, домашни и проектни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно–образовната работа по наставниот предмет ***конструкција на облека -*** изборен предмет се реализира преку стручно-теоретска настава и вежби во специјализирана кабинет - училница опремена со соодветните наставни средства, посета на биро за креирање на облека, ревии на мода, саеми, музеи и др. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, часови за вежби, повторување и утврдување, посета на биро за креирање на облека, ревии на мода, саеми, музеи.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по наставниот предмет ***конструкција на облека -*** изборен предмет се применуваат наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната единица се користи: графоскоп, компјутер, визуелни уреди, CD и DVD дискови со снимени содржини од конструкција на облеката, програм за компјутерско конструирање на облека, мостри од различни ткаенини и плетенини, шеми, слики, каталози, , модни списанија и други наставни средства предвидени според нормативот за наставни средства и помагала по конструкција на облека за образовниот профил техничар за дизајн на облека.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни-помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, Интернет, како и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

Оценувањето на постигањата на ученикот се врши преку следење и вреднување на знаењата, умеењата и конструираните предмети за облекување, континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено. Оценувањето се врши според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***конструкција на облека -*** изборен предмет треба да ги поседува следниве индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува

личноста на ученикот, да ја познава работата со компјутер и да применува програмски пакети за компјутерско конструирање на облеката, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по ***конструкција на облека-*** изборен предмет ја реализираат кадри со завршени студии по:
- технологија - конфекциска насока;
- технологија - текстилна насока; и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***конструкција на облека -*** изборен предмет се реализира во специјализирана училница опремена според нормативот за простор и опрема за образовниот профил техничар за дизајн на облека и во конфекциски погони на трговски друштва од текстилната дејност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 2007 година

7.2. Состав на работната група

1. Ратка Јаневска, советник, Центар за средно стручно образование и обука – Скопје, раководител
2. Зорица Новаковска, дипл. текстилен инженер, наставник СУ „Ѓоце Стојчески” - Тетово
3. Лира Грабулоска, дипломиран сликар - костимограф, наставник, СУПУ „Лазар Личеноски” - Скопје
4. Андреа Пајтонџиев, конфекциски инж, Текстилна фабрика „КАЛАТЕКС” - Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 1.09.2007 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***конструкција на облека -*** изборен предмет ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 11-4631/ 5 од 21.06. 2007 година.